Реинтеграција и рехабилитација на жени жртви на насилство

Austrian Development Agency

Национална мрежа против насилство врз жените и семејното насилство

Што е реинтеграција и рехабилитација на жени жртви на насилство?

- Реинтеграцијата и рехабилитацијата на жени жртви на насилство се дел од континуиран процес кој го спроведуваат државните институции и граѓанските организации чија цел е целосно вклучување/враќање во општеството (**интеграција**) и опоравување (**рехабилитација**) на жени кои преживеале некаква форма на насилство.

- Со овој процес жената која преживеала насилство треба да се рехабилитира и реинтегрира од психолошки, социјален, правен и економски аспект за да ѝ се обезбеди „враќање“ во нејзиното примарно опкружување (семејството и локалната заедница), и во поширок контекст „враќање/повторно вклучување“ во општеството преку обезбедување психосоцијални услуги, правна поддршка, здравствена заштита и економско јакнење;

- Реинтеграција значи и обезбедување помош и поддршка на децата и/или семејството на жената која преживеала некоја форма на насилство.

- Реинтеграцијата и рехабилитацијата се клучен дел од системот за помош и поддршка на жени кои преживеале насилство, кој започнува откако жената ја напуштила насилната средина или донела одлука за напуштање на насилниот партнер.

Жената која преживеала насилство може да се реинтегрира **само кога е елиминиран ризикот од повторување на насилството**. Во моментот кога се случува или се случило насилството, се преземаат мерки на заштита од насилство кои се различни од реинтеграцијата.

Во пракса превенцијата, заштитата и реинтеграцијата често се надополнуваат и имплементираат заеднички.

Што е реинтеграција и рехабилитација на жени жртви на насилство?

Реинтеграцијата има клучна улога во **превенција на насилство врз жените и семејното насилство**. Со овој процес се затвора т.н. круг на насилство и се спречува идно насилство врз жени и деца.

Жената која преживеала насилство и ја напуштила насилната средина, со реинтеграција и рехабилитација станува **економски независна со стабилно вработување и приход**, има **обезбедено долготрајно и безбедно домување** за себе и своите деца, кои ги н**админале траумите од преживеаното насилство** и на тој начин се целосно **реинтегрирани во општеството.**

Превенцијата на насилство врз жени преку реинтеграција опфаќа:

- Спречување на повторно враќање кај насилникот поради економска зависност;
- Спречување на влегување во нови насилни врски поради економска зависност;
- Спречување на трансгенерацисконасилство кај децата преку процесот на рехабилитација на траумите од преживеаното насилство кај децата;
- **Спречува сиромаштија и бездомништво преку елиминирање на социјалните ризици;**
- **Спречува долготрајни последици по здравјето на жената и децата преку надминување на траумите, обезбедување здравствена заштита и соодветно лекување.**

Терминологија поврзана со реинтеграција и рехабилитација на жени жртви на насилство?

Кога зборуваме за реинтеграција и рехабилитација на жени жртви на родово базирано и семејно насилство, мора да внимаваме на терминологијата и изразите кои ги користиме. Следниве термини и процеси мора соодветно и прецизно да се користат, и да не се поистоветуваат со реинтеграција и рехабилитација на жени жртви на насилство:

- **Ресоцијализација** е процес кој означува коригирање или адаптирање (прилагодување) на одредени „асоцијални или општествено-неприфатени (неприлагодени) однесувања, ставови, уверувања и вредности" во општествено-прифатени однесувања, ставови, уверувања и вредности. Во пракса овој процес се врзува со лица кои се однесуваат/ле на општествено- неприфатлив начин како што се најчесто осудени лица, но може да се однесува на други категории лица.

Ресоцијализацијата често помага во процесот на реинтеграција и рехабилитација, и најчесто како процеси одат заедно– но, во никој случај не означуваат исти термини и во својата суштина се различни.

Суштинска разлика на термините:

- **Реинтеграција**– вклучување/ враќање во општествени процеси;

- **Ресоцијализација**- враќање на општествено- прифатено однесување и норми;

- **Рехабилитација**– опоравување, физичко и ментално од нешто што нанело штета на лицето;

Терминологија поврзана со реинтеграција и рехабилитација на жени жртви на насилство

- **Заштита на жени жртви на насилство** е процесот во кој се преземаат мерки за заштита на жената од тековно или актуелно насилство, се работи на спречување на насилството –тријажа, физичка заштита од насилство, отстранување од насилната средина, пружање здравствена заштита, психосоцијална помош и поддршка итн. **Заштитата** треба да минимизира ризикот од насилство за да може да започне реинтеграцијата;

- **Превенцијата на насилство врз жени** опфаќа повеќе аспекти, во одредени делови се поклопува со реинтеграцијата особено во делот на спречување на идно насилство преку невраќање кај насилникот или влегување во нова насилна врска.

Систем на превенција, заштита, поддршка и реинтеграција на жени жртви на насилство

Терминологија поврзана со реинтеграција и рехабилитација на жени жртви на насилство

- **Домување во реинтеграција** е процес кој обезбедува поддржано или транзитно домување во различни облици/ модели за жени кои не можат самостојно да обезбедат безбедно и долготрајно живеалиште.

- **Домувањето** во реинтеграција се разликува од сместување или привремен престој кој се применува во процесот на заштита**.**
- **Поддржаното домување не е:** сигурна куќа, шелтерцентар/ засолниште/ центар за жени жртви, кризен центар, куќа на пола пат.
- **Поддржаното домување** е социјална услуга и специјализиран сервис за жени жртви на насилство во реинтеграција.
- **Поддржаното домувањето** не може да се обезбеди за жена која: сеуште трпи насилство (има ризик од насилство), која е вработена со високи приходи и може да обезбеди самостојно домување, која може да обезбеди живеалиште во поширокото семејство, која не е во социјален ризик.

Разлики меѓу услуга за привремен престој (засолниште/шелтер/ центар за жртви на родово базирано и семејно насилатво и Подржано домување

Центар за жени жртви (шелтер/засолниште)	Поддржано домување (станови, куќи)
Акутно насилство	Нема насилство
Без разлика на социјален ризик	Само во социјален ризик
Затворена установа	Отворено домување
Има обезбедување 24/7	Нема обезбедување
Тајна локација	Нема тајност на локацијата
3 + 3 месеци	6 - 24 месеци
Ограничувања за сместување момчиња над 14 години со нивните мајки	Нема ограничувања

Кој има обврска да спроведува програми за реинтеграција и рехабилитација?

Според Законот за спречување и заштита од насилство врз жени и семејно насилство (2021), **Член 99. Реинтеграција на жртви на насилство,** за прв пат во нашето законодавство се уредува реинтеграција и рехабилитација на жени жртви на родово базирано и семејно насилство. Притоа, законот ги задолжува надлежните институции и здруженија да ги препознаат жените жртви како посебно ранлива категорија и да развиваат програми и мерки за помош и поддршка во процесот на реинтеграција согласно потребите на жртвите.

Министерството за труд и социјална политика треба да изработи **Програма за реинтеграција на жени жртви на насилство.** Оваа програма треба да вклучува модели за привремено (поддржано) домување, психолошко советување со менторство, различни видови на финансиска помош која е специфично наменета за жени жртви на насилство, можности за образование и обуки во различни области, како и соодветни мерки за вработување утврдени со закон.

Оваа програма треба да ги вклучи сите релевантни институции и организации кои треба да ја спроведуваат на терен, а тоа се:

- **Министерството за труд и социјална политика**
- **Центри за социјална работа**
- **Агенција за вработување на РСМ**
- **Општина/ локална самоуправа**
- **Министерство за транспорт и врски**
- **Граѓански организации**

Предлог модел за реинтеграција и рехабилитација на жени жртви на насилство

Предлог Моделот за реинтеграција и рехабилитација опфаќа 5 основни столбови од кои произлегуваат т.н. услуги за реинтеграција на жени кои преживеале некоја форма на родово базирано и/или семејно насилство:

I. Подржано домување

II. Психолошко советување

III. Финансиска помош

IV. Јавно образование и обука

V. Помош при вработување

Овој предлог модел е направен врз основа на наодите и препораките од Анализата на економски предизвици на жени жртви на семејно насилство кои ја напуштиле насилната срдина до 2019г. Дополнително, препораките за овој модел се потврдуваат и во наодите и препораките на локалните Анализи за потребите на жени жртви на насилство од 2021г., спроведени во 8 градови во Северна Македонија: Тетово, Велес, Свети Николе, Радовиш, Струмица, Кавадарци, Битола и Прилеп.

Препораките, меѓу другото, упатуваат на креирање на државни фондови за финансиска поддршка на жени жртви на насилство, како и државен фонд за исплата на издршка на деца по развод, креирање на соодветни мерки за вработување согласно спецификите на оваа ранлива категорија, препознавање на жени жртви на насилство во Законот за домување и одлуките за доделување социјални станови, и активно учество на локалните самоуправи во воспоставување и одржливост на услуги за реинтеграција и рехабилитација на жени жртви на насилство.

Предлог модел за реинтеграција и рехабилитација на жени жртви на насилство

Подржано домување

Подржаното домување е обезбедување на живеалиште во одреден временски период, од 6 месеци до најмногу до 2 (две) години од моментот на напуштање на насилната средина, се додека жената жртва не биде целосно интегрирана во општествениот живот. Оваа мерка е насочена исклучиво за жртви кои не се во можност да обезбедат свој дом, немаат сопствено живеалиште, ниту пак може да го користат домот на своите родители. Државата со свои механизми и финансирање на службите и сервисите кои се надлежни за заштита на жртвата би креирале живеалишта за жртвите, кај кои нема ризик по безбедноста, во времетраење од најмногу 2 години, а во зависност од економската состојба на жртвата, нејзината стабилност, работна способност и останати клучни состојби кои би се процениле низ континуирано психолошко советување и водење на случајот од страна на специјализирани служби.

Психолошко советување

Ова подразбира подготовка на жртвата за соочување со нови предизвици надвор на насилната средина, без ризик од бездомништво (времено станбено обезбедена) и во ситуација на задоволени основни егзистенцијални потреби. Психолошкото советување потребно е да постои во целиот период на закрепнување на жртвата, соочувајќи се со новите предизвици кои произлегуваат од новата средина на живеење, ново работно место, како и нејзино информирање за сите права и обврски кои ги има, со цел за нејзина подготвеност за целосно самостоен живот, со целосно исклучување на ризикот да се врати во насилната средина или да западне во нова насилна врска. Промената на сликата за себе и зголемување на самодовербата е клучен фактор во превенирање на насилството и излегување од улогата на жртва.

Предлог модел за реинтеграција и рехабилитација на жени жртви на насилство

Финансиска помош

При реална проценка на финансиската состојба на жртвата, треба да и биде овозможена финансиска помош, надоместок за основни потреби сопствени и на малолетни деца, кои се под нејзино старателство се до нејзино трајно вработување, а согласно нејзината работна способност и образование, кои би биле овозможени како пакет мерки. Во пакетот мерки би било вклучено:

- Ослободување од трошоци поврзани со образованието на децата (школски прибор, школски материјали, посетување на наставни активности кои бараат дополнителни плаќања и сл.);

- Ослободување од партиципација за установи за предшколска возраст, како и останати трошоци поврзани со наставата во градинката;

- Целосно ослободување од партиципација за здравствени услуги, вклучувајќи и набавка на лекови;

- Ослободување од трошоци поврзани со јавен превоз за неа и нејзините деца (добивање на бесплатни месечни карти за јавен превоз);

- Овозможување на користење на директна финансиска помош од државата;

- Надоместок на издршката за децата, доколку нема редовност во исплатата;

- Воведување на ваучер систем за пазарење (МТСП во соработка со граѓански организации/бизнис заедницата да воведе ваучер систем кој ќе се користи за набавка на прехранбени/продукти за хигиена на жртвите на насилство. Критериумите за добивање на ваучерите може дополнително да се одредат врз база на еднократната помош, видот на сместување (краткорочно или долгорочно) и слично.

Предлог модел за реинтеграција и рехабилитација на жени жртви на насилство

Јавно образование и обука

Со цел за успешно закрепнување и овозможување жртвата да биде економски независна, а водејќи се од направената процена за постоечките вештини и капацитети на жената, во овој столб треба да и се овозможи јавно образование и обука. Ова е во насока за нејзино вработување, усовршување и економско зајакнување. По извршена проценка и увид во работната способност на жртвата би се изготвил индивидуален план со цел да и се овозможи соодветно образование или обука и доусовршување во насока на нејзино зајакнување и осамостојување.

Помош при вработување

На жените жртви кои по добивање на примарна заштита, имаат можност да добијат домување и секако успешно интегрирани во секојдневните обврски, треба да им се овозможи помош при вработување. Ова подразбира изработка на мерки и политики и евиденција за жртви за кои помошта при вработувањето би била примарна, согласно Закон, а во соработка со Агенцијата за вработување на РСМ, и секако со помош и насоки дадени од страна на Центрите за социјална работа и граѓанските организации. Имено, потребно е мерките за поддршка при вработување да се изработат на начин на кој ќе бидат прилагодени на индивидуалните потреби на жртвите. Тоа подразбира, земање во предвид на фактот дека жртвите на насилство откако ќе ја напуштат насилната средина најчесто функционираат како еднородителски семејства и можностите за вработување се помали, особено во ситуации кога има едно или повеќе малолетни деца (предшколска возраст).

Реинтеграција и рехабилитација на жени жртви на насилство

Овој документ е изработен во рамките на проектот „Институционализирање на квалитетни услуги за рехабилитација и интеграција за преживеани од насилство“ финансиран од Австриската агенција за развој (АДА) со средства на Австриската развојна соработка

Austrian Development Agency

Национална мрежа против насилство врз жените и семејното насилство